Врз основа на членот 158-ѕ, точка 1) и членот 74, точка 6) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 22.03.2016 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување**

**Член 1**

(1) Во Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/11 и 127/14), членот 6 се преименува во "член 5„.

(2) Последователно на став (1) од овој член, се преименува редниот број на секој член од наведениот Правилник.

**Член 2**

Во членот 7, кој станал член 6, во алинеја 3, зборот: „неповолно" се заменува со зборот: „негативно".

**Член 3**

Во членот 8, кој станал член 7, зборот: „неповолно" се заменува со зборот: „негативно".

**Член 4**

Во членот 9, кој станал член 8, во алинеја 3 зборот: „неповолно" се заменува со зборот: „негативно".

**Член 5**

Во членот 10, кој станал член 9, зборот: „неповолно" се заменува со зборот: „негативно".

**Член 6**

Во членот 11, кој станал член 10, во ставот (1) зборовите: "точка 9)„ се заменуваат со зборовите: "точка 10)„.

**Член 7**

Во членот 17, кој станал член 16, во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „,во рок од 8 дена по завршување на месецот".

**Член 8**

(1) Во членот 19, кој станал член 18, во ставот (4) зборовите: "и хартиена„ се бришат. После зборовите: „електронска форма " се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување".

(2) Ставот (5) се брише.

(3) Во ставот (6) кој станал став (5) после зборот: "Агенцијата„ се додаваат зборовите: "во рок од 8 дена од намалувањето на кредитниот рејтинг за издавачот или хартијата од вредност под дозволеното ниво„.

(4) Ставот (7) станува став (6).

**Член 9**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

**Бр.02-298/5**
**22.03.2016 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти,**
**Климе Попоски**

Образложение

Изменет е редоследот на членовите, бидејќи во Правилникот бил пропуштен член 5.
Се менува изразот неповолно мислење со изразот негативно мислење, а се однесува на мислењето изразено во ревизорскиот извештај на акционерските друштва кои издаваат обврзници и други должнички хартии од вредност.
Додаден е рок за известување на Агенцијата доколку дојде до намалување на кредитниот рејтинг на издавачот или на хартијата од вредност под дозволеното ниво.
Во измената е опфатено ослободувањето од обврската на друштвата да го доставува извештајот во хартиена форма.
Исто така, се брише ставот каде што е наведено дека Агенцијата за супервизија на осигурување ќе пропише електронска форма, бидејќи истата веќе е утврдена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.